Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07.11.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5496/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ

## од контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 24 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со звучни средства).

*На 01.09.2014 година, за непочитување на член 98 став 1 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 15 август 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје .*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 24 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **не постапил по решението**, односно не ја отстранил извршената повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е констатирано дека неколку пати во анализираното деноноќие рекламирањето не е соодветно означено, вообичаено на крајот од рекламниот блок, еднаш на почетокот, а една реклама воопшто не е означена, односно рекламирањето претставено во табелата подолу не е јасно одвоено од другите делови на програмата, спротивно на член 98 став 1 од Законот.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Рекламен блок (неозначен на крај) | 00:59:38 | 01:00:47 |
| Рекламен блок (неозначен на крај) | 07:24:14 | 07:27:16 |
| Рекламен блок (неозначен на крај) | 09:25:27 | 09:29:55 |
| Реклама (неозначена на почеток и на крај) | 10:41:07 | 10:41:18 |
| Рекламен блок (неозначен на крај) | 13:05:26 | 13:09:40 |
| Рекламен блок (неозначен на крај) | 16:50:51 | 16:54:25 |
| Рекламен блок (неозначен на крај) | 18:58:02 | 19:02:39 |
| Рекламен блок (неозначен на почеток) | 23:58:10 | 23:59:35 |

***Сектор за програмски работи***

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*07.11.2014 г.*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Решение за опомена, Уп 1 бр.03-359 од 01.09.2014 година |

Со оглед дека за прекршување на членот 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), Директорот на Агенцијата има преземено мерка – решение со кое ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје е опоменат, а овој радиодифузер и покрај донесеното решение, констатирано е дека продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се поведе прекршочна постапка против ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје пред надлежниот суд односно пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка да се спроведе постапка за порамнување.

***Сектор за правни работи***